 УДК: 364.694-787.4:[616.98:578.834}-036.31(497.7)
DOI: https://doi.org/10.37509/socpol2117169j

Бојана Јовановска, Наташа Петковска
Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје

# ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 НИЗ ПРИЗМА НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И ОБВРСКИТЕ НА ДРЖАВАТА ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## Апстракт

Кризата која ја предизвика пандемијата на вирусот КОВИД-19 успеа да ги интензивира и за многу кратко време да ги исфрли на површина проблемите со кои секојдневно се соочуваат маргинализираните граѓани во едно општество, во кои се вбројуваат и лицата со попреченост, како и лицата што се грижат за нив. Имајќи ја предвид континуираната маргинализација на лицата со попреченост во Северна Македонија, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер, авторките на овој труд спроведоа кратко истражување на тема Влијанието на кризата предизвикана од КОВИД-19 врз лицата со попреченост во Северна Македонија[1] кое беше објавено во мај, 2021 година. Истражувањето опфати период од една година, односно, од започнувањето на пандемијата со прогласувањето на вонредната состојба. Овој труд како своја основа го има спроведеното истражување, а целта е да се прикаже состојбата во која се најдоа лицата со попреченост и лицата кои се грижат за нив како резултат на мерките и политиките што беа донесени за време на пандемијата, но и на самата пандемија, со посебен фокус на состојбата во областа на социјалната заштита и пазарот на трудот. Предизвиците со кои се соочуваа лицата со попреченост, кои постоеја долго пред пандемијата, како сѐ поприсутните стереотипи и предрасуди, непристапната инфраструктура, дискриминаторските практики во образовниот систем и на пазарот на трудот, но и неотчетните институции беа значително нагласени како резултат на несоодветното справување со пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Ова само ја потврди неповолната положба на лицата со попреченост, но и на лицата кои се грижат за нив, во однос на можностите за обезбедување квалитетен живот. Предизвиците со кои се соочуваа лицата со попреченост во однос на пристапот до социјалната заштита и нивната вклученост на пазарот на трудот беа особено отежнати, имајќи предвид дека рестриктивните мерки за превенција и заштита од КОВИД-19 не беа во согласност со потребите, односно, со можностите на лицата со попреченост.

[1] Целото истражување е достапно на: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/vlijanieto-na-kovid-19-krizata-vrz-licata-so-poprechenost-vo-severna-makedonija/.

***Клучни зборови:*** лица со попреченост, социјална заштита, пазар на труд, КОВИД-19.

## ВОВЕД

Иако пандемијата предизвикана од КОВИД-19[2] ги засегна сите, мерките за справувањето и последиците предизвикани од нивната (не)соодветност, различно и нееднакво се одразија на различните категории граѓани. Па така, кризата со коронавирусот само ги интензивираше и ги исфрли на површина проблемите со кои секојдневно се соочуваат лицата со попреченост, нивните родители и лицата што се грижат за нив. Дел од предизвиците за лицата со попреченост, кои постоеја долго пред пандемијата, се однесуваат на сѐ поприсутните стереотипи и предрасуди во нашето општество, непристапната инфраструктура, дискриминаторските практики во образовниот систем и на пазарот на трудот, но и неотчетните институции. Еден показател за пречките во секојдневното функционирање на лицата со попреченост пред пандемијата, се и податоците дека тие се меѓу групите граѓани чии права најчесто се прекршуваат и се соочуваат со дискриминација. Споменатите предизвици за лицата со попреченост беа значително нагласени од несоодветното справување со пандемијата предизвикана од КОВИД-19.

Оттука, имајќи ја предвид континуираната маргинализација на лицата со попреченост во земјава, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер, на почетокот на 2021 година авторките спроведоа кратко истражување за влијанието на кризата од пандемијата врз лицата со попреченост, но и врз лицата кои се грижат за лица со попреченост,[3] од почетокот на пандемијата односно од прогласувањето на вонредната состојба. Во насока на ублажување на негативните импликации кои ги предизвика пандемијата на вирусот КОВИД-19 врз секојдневното функционирање на лицата со попреченост, анализата целеше да придонесе кон креирање подобра слика за состојбата во која се најдоа и сѐ уште се наоѓаат лицата со попреченост, но и да даде конкретни насоки и препораки кои ќе помогнат во понатамошното креирање соодветни мерки и политики кои директно и индиректно ги засегаат лицата со попреченост.

Истражувањето се фокусираше на неколку области кои беа идентификувани како најзначајни фактори за добросостојбата на лицата со попреченост, и тоа: вклученост во процесите на креирање мерки, пристап до информации, здравство, социјална заштита, образование, работа и работни односи, трошоци, пристапност, транспорт и мобилност. Оттука, овој труд како своја основа го има спроведеното истражување, а целта е да се прикаже влијанието на пандемијата врз лицата со попреченост и лицата кои се грижат за нив, со посебен фокус на состојбата во областа на социјалната заштита и пазарот на трудот. Тука ќе бидат претставени дел од резултатите од спроведеното истражување, кои се

2 Болеста предизвикана од коронавирусот SARS-COV-2.

3 Лица кои се грижат за лица со попреченост опфаќаат родители, старатели, згрижувачи, лични асистенти на деца и лица со попреченост.

однесуваат на овие две области, до кои авторките дојдоа преку примена на неколку методи за прибирање примарни и секундарни податоци. Имено, за совладување на предметот на истражување беше анализирана постојната литература, меѓународните стандарди и националната правна рамка релевантна за заштита на лицата со попреченост, со посебен фокус на уредбите со законска сила кои беа донесени за време на вонредната состојба; анализирани се податоците добиени од спроведените прашалници со релевантни чинители, вклучувајќи ги институциите, организациите на и за лица со попреченост и меѓународни организации;[4] анализирани се анкетните прашалници спроведени со лица со попреченост и лица кои се грижат за лица со попреченост;[5] а беше одржана и верификациска средба на првичните заклучоци и препораки од спроведеното истражување.[6]

Еден од главните заклучоци на авторките е реафирмирањето на маргинализираната положба во која се наоѓаат лицата со попреченост и лицата што се грижат за нив, што особено беше изразено за време на пандемијата. Истражувањето само ја потврди неповолната положба на лицата со попреченост, меѓутоа и на лицата кои се грижат за нив, во однос на можностите за обезбедување квалитетен живот и секојдневно функционирање без бариери од различен карактер. Предизвиците со кои се соочуваа лицата со попреченост во однос на пристапот до социјалната заштита и нивната вклученост на пазарот на трудот беа особено отежнати, имајќи предвид дека рестриктивните мерки за превенција и заштита од КОВИД-19 не беа во согласност со потребите, односно, со можностите на лицата со попреченост.

## Лицата со попреченост и пандемијата

И покрај тоа што се постигнати одредени поместувања во однос на унапредување на законската регулатива во Северна Македонија, во насока на усогласувањето со меѓународната регулатива, вклучително и европското законодавство, сè уште постои недоволна хармонизација на законите и подзаконските акти и политиките кои се однесуваат на лицата со попреченост со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на што укажуваат и препораките на Комитетот за правата на лицата со попреченост (Committee on the Rights of Persons with Disabilities, 2018). Овогодишниот извештај на Европската комисија за

4 Одговор на прашалникот наменет за државни институции достави само Министерството за образование и наука, додека прашалникот наменет за организации и други чинители го одговорија пет домашни здруженија на граѓани, една меѓународна организација и две организациски единици на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

5 Беше употребен примерок без случаен избор односно пригоден примерок. Прашалникот беше достапен онлајн и телефонски и го пополнија вкупно 218 испитаници, од кои 59 лица со попреченост и 159 лица што се грижат за лицата со попреченост.

6 Верификациската средба беше одржана на 3 март, 2021 година во вид на тркалезна маса наменета за организации, но и за индивидуалци што работат во областа на лица со попреченост и лица што се грижат за нив. Тркалезната маса се одржа онлајн преку платформата ЗУМ и учествуваа вкупно 17 учесници.

прогресот на Северна Македонија уште еднаш потврди дека напредокот кој е направен во однос на правата на лицата со попреченост во земјава е незначителен (European Commission, 2021). Според извештајот, лицата со попреченост, кои беа една од најранливите и најпогодените групи на граѓани за време на пандемија на КОВИД-19, сè уште се соочуваат со значителна директна и индиректна дискриминација, која пред сè се должи на непристапната инфраструктура, недостатокот на информации и услуги, дискриминаторските ставови во општеството и социјалната ексклузија. Непостоењето на сеопфатни статистички податоци за лицата со попреченост дополнително го отежнува процесот на креирање соодветни политики и мерки кои ќе одговорат на специфичните потреби на оваа категорија на граѓани.

Предупредувањата за негативните ефекти врз добросостојбата на ранливите категории на граѓани, меѓу кои се вбројуваа и лицата со попреченост, а кои може да се јават како последица на вирусот КОВИД-19, беа упатени уште на самиот почеток на пандемијата. Така, Светската здравствена организација укажа на зголемениот ризик од заразување со вирусот кај лицата со попреченост, пред сè како резултат на постојните бариери за примена на основните мерки за одржување хигиена, тешкотиите за одржување растојание поради потребата од дополнителна поддршка или живеење во институција, потребата од допир како начин на примање информации од околината и претходни здравствени проблеми (WHO, 2020). Ситуацијата во која беа доведени лицата со попреченост како директен резултат на пандемијата е само показател на веќе постојните слабости на системот на јавни услуги и на нееднаквиот пристап до нив за одредени ранливи категории (UN, 2020).

Лицата со попреченост во земјава се генерално недоволно вклучени во процесите на креирање политики, што особено дојде до израз за време на пандемијата. Податоците од истражувањето кое го спроведоа авторките потврдија дека ниту лицата со попреченост, ниту пак граѓанските организации што работат во оваа област, не биле вклучени во донесувањето на мерките и политиките за заштита и справување со последиците од вирусот, па оттука тие не беа во согласност со нивните специфични потреби, како и со оние на лицата што се грижат за нив. На ова укажува и фактот што од вкупно 250 уредби со законска сила кои беа донесени за времетраењето на вонредната состојба, во само две уредби изречно се спомнуваат лицата со попреченост. Дополнително, единствено откако биле поднесени реакции и барања од страна на здруженијата биле направени измени на мерките, но по нивно претходно донесување од страна на Владата.

За најголем дел од лицата со попреченост и лицата кои се грижат за нив, мерките кои ги донесе Владата во насока на превенција и заштита од вирусот КОВИД-19 предизвикале тешкотии во извршување на секојдневните работи. Голем дел од овие тешкотии се однесувале на ограничената социјализација и ограниченото движење како резултат на рестрикциите за движење, вклучително

и воведувањето на полицискиот час. За дел од лицата со попреченост следењето на мерките за заштита од вирусот, како одржување физичка дистанца, носење маска, одбегнување групирање, претставувале сериозен проблем за нивно секојдневно функционирање, имајќи предвид дека некои од лицата, на пример, не можат да носат маска заради респираторни проблеми, мора да се движат со придружник и сл.

Лицата со попреченост и лицата кои се грижат за нив секојдневно се соочуваат со дискриминација и прекршување на нивните права. Според податоците од Извештајот за обезбедена правна помош на Хелсиншкиот комитет за човекови права за периодот август 2016 јануари - 2018 година, меѓу групите на граѓани чии права се прекршуваат и се најчесто соочени со дискриминација се и лицата со попреченост (Јадровски et al, 2018). Еден од најчестите проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и лицата кои се грижат е непристапноста на инфраструктурата, почнувајќи од самите институции, па сè до улиците, тротоарите, паркинзите и јавните објекти. Непристапноста сè уште претставува сериозен проблем, дури и во случај кога лицето се движи со придружник (Јовановска, 2020). Така, и за време на пандемијата, лицата со попреченост и лицата што се грижат за нив изјавиле дека се соочиле со тешкотии во остварувањето на своите права за време на пандемијата, од кои само мал дел се обратиле за помош и тоа најчесто во центрите за социјална работа, а помал дел побарале помош од граѓанските здруженија. Само мал дел од лицата ја добиле бараната помош, односно ги оствариле бараните права.

Ограничениот или отежнат пристап до институциите со кој секојдневно се соочуваат лицата со попреченост беше значително изразен за време на пандемијата, пред сè како резултат на редуцираното функционирање на институциите и на ограниченоста на превозот во текот на овој период. Дел од лицата не биле во можност да користат јавен превоз поради неможноста да носат маска и целосно да ги почитуваат мерките за заштита од вирусот. Само мал број институции се целосно пристапни за лицата со попреченост, а тоа се однесува и на пристапноста на информациите во нив.

Од почетокот на пандемијата беа направени одредени приспособувања во однос на обезбедувањето одредени здравствени услуги, пред сè, поврзани со продолжување на важењето на документацијата потребна за остварување некое право од здравствена заштита. Меѓутоа, сè уште голем дел од испитаниците вклучени во ова истражување се соочиле со тешкотии при добивањето здравствени услуги и здравствена заштита, вклучувајќи ја и непристапноста на центрите за тестирање. Покрај незадоволството на лицата со попреченост и лицата што се грижат за нив во однос на професионалноста на здравствените работници, тие се соочиле и со гужви и чекање редици во здравствените установи и во аптеките, со што дополнително биле изложени на ризик од заразување со вирусот.

Пандемијата неминовно се одрази и на финансиската состојба на лицата со

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РСМ | 3 април 2020 | Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба | „Службен весник на РСМ" бр. 89 од 3.4.2020 година |
| Влада на РСМ | 24 април 2020 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба | „Службен весник на РСМ" бр. 108 од 24.4.2020 година |

попреченост, притоа значително зголемувајќи ги трошоците што се однесуваат на превенција на здравјето, наменети за хигиенски средства и за лекови. Со дополнителни проблеми се соочија лицата со попреченост кои имале потреба од набавка на лекови кои не се наоѓаат на позитивната листа на лекови на Фондот за здравствено осигурување, како и лицата кои потребната терапија претходно ја набавувале од странство и со затворањето на границите и рестрикциите за движење останаа без истата.

Влијанието на пандемијата не го поштеди ниту процесот на деинституционализација на институциите за лица со попреченост. И покрај тоа што овој процес зема сериозен замав во последните две години пред почетокот на пандемијата, во насока на обезбедување достоинствен и квалитетен живот и социјална инклузија на лицата со попреченост, пандемијата ја стави на пауза имплементацијата на процесот, особено во однос на воспоставување и развој на услугите во заедницата.

## Социјална заштита

### *Уредби од областа на социјалната заштита*

Законот за социјалната заштита е генералниот закон во оваа област што ги уредува институционалната и вонинституционалната заштита на лицата со попреченост и паричната помош. За време на вонредната состојба, на 4 април 2020 година беше донесена Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба.[7] Оваа уредба не содржеше одредби за непречено остварување на правата на лицата со попреченост во услови на пандемија. Таа единствено ја уредуваше постапката за добивање минимална гарантирана помош за материјално необезбедени домаќинства за април и мај, 2020 година (член 2). Дополнително, беше предвиден и паричен додаток за покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството за април и мај, 2020 година (член 3).

Дури со измените и дополнувањата на оваа уредба изречно беа споменати лицата со попреченост и остварувањето на нивното право на паричен надоместок. Измените од 24 април 2020 година за првпат поконкретно го уредија прашањето за ова право на социјална заштита што го користат лицата со попреченост.[8] Остварувањето на правото на

7 Влада на РСМ „Службен весник на РСМ" бр. 89 од 3.4.2020 година.

8 Влада на РСМ „Службен весник на РСМ" бр. 108 од 24.4.2020 година.

надоместок заради попреченост беше продолжено за целото времетраење на вонредната состојба и два месеци по нејзиниот престанок. Продолжувањето беше предвидено за лицата со попреченост што го користат ова право врз основа на конзилијарно мислење, а контролен преглед им бил препорачан додека траеше вонредната состојба.

### *Анализа на податоците прибрани од терен*

Според последните достапни податоци на Државниот завод за статистика, во 2019 година 30.271 полнолетни[9] лица со попреченост се регистрирани како корисници на социјална заштита. Од нив, 12.908 се жени со попреченост. Во однос на видот на попреченоста, 3.228 се лица со оштетен вид, 3.098 се лица со оштетен слух, 16.125 се лица со телесна попреченост, 4.016 се лица со пречки во менталниот развој и 3.804 се лица со комбинирана попреченост (ДЗС, 2019). Податоците од спроведеното истражување на авторките, прибрани преку интервјуа со релевантни чинители во областа на социјалната заштита и со анкетирани лица со попреченост и лица кои се грижат за нив, говорат за тешките услови во кои овие лица ја поминуваа(т) пандемијата.

Интервјуираните чинители го лоцираат проблемот во обновувањето на документите за остварување права од социјална заштита, во услови на пандемија и во услови на генерален институционален застој. Лицата со попреченост и лицата што се грижат за нив само ги потврдија податоците добиени од интервјуата со чинителите. Имено, како најчест проблем тие ја посочија потребата од постојано докажување на попреченоста преку обнова на документацијата, за да можат да користат одредени права од социјална заштита. Во оваа насока и 23,7 отсто од испитаниците во истражувањето сметаат дека поедноставување на процедурите со поднесување и обновување на документацијата значително би им го олеснило стекнувањето и/или уживањето некое право од социјална заштита.

Карактеристично е тоа што, при вакви околности, значително доаѓаат до израз негативните последици од неразвиените сервиси за поддршка. Ова особено се забележа кај лицата со попреченост што живеат сами или со повозрасни родители или старатели. Гледиштето дека институциите за социјална заштита не се пристапни и не се респонзивни преовладува кај лицата со попреченост долго пред започнување на пандемијата (Кочоска et al. 2018). Кризата само значително го засили ризикот некои од корисниците на социјални права да останат без потребните бенефиции одреден период. За ефектот на кризата врз лицата со попреченост сведочат 52,3 отсто од испитаниците кои се соочиле со тешкотии во остварување на своите права овој период. Од друга страна, 30 отсто од испитаниците наишле на пречки при добивањето услуги од социјална заштита. Од нив, 49,2 отсто посочија проблеми што произлегле од затворањето на дневните центри, 46 отсто укажаа на проблеми при остварувањето на паричната помош, а за 44,4 отсто

9 На возраст од 26 до 65 години.

од испитаниците генерално бил отежнат пристапот до услуги.

Се проценува дека од 6.400 до 9.600 лица со попреченост на возраст од 18 до 65 години немаат контакт со социјалните служби, или помеѓу 1/3 и 1/2 од вкупниот број на регистрирани лица (МТСП, 2018). Оттаму поразителен е и фактот што укажува дека само 38,6 отсто од испитаниците се обратиле некаде за помош за време на пандемијата, ако се има предвид дека повеќе од половина од вкупниот број испитаници имале тешкотии при остварувањето на своите права. 43,9 отсто од лицата кои побарале помош изјавиле дека најчесто се обраќале директно до центрите за социјална работа, а помал дел или 24,6 отсто комуницирале со граѓанските организации. Само една третина од нив, односно 36,8 отсто ја добиле бараната помош. Оттука, на ова логично се надоврзуваат 28,9 отсто од испитаните лица коишто ја потенцираат потребата од поголема професионалност на вработените, вклучително и поголема организираност и функционалност на администрацијата.

Бројни административни пречки и невоедначена примена на законските одредби од страна на надлежните институции го отежнуваат и/или оневозможуваат остварувањето на правата и користењето на социјалните услуги (Јовановска, 2020). Рестриктивното толкување и примена на и онака тесно дефинираната рамка за социјална заштита во овие услови дополнително придонесува и за зголемување на социјалниот ризик и сиромаштијата кај некои лица со попреченост. Потврда за ова се 76,1 отсто од учесниците во истражувањето кои се соочиле со зголемување на трошоците за време на кризата, а повеќе од половина од нив (55,4 отсто) сè уште не успеваат да ги надминат проблемите со трошоците. 82,5 отсто од испитаниците тешко ги поднесувале трошоците за хигиенски средства и средства за заштита од вирусот, 66,9 отсто - зголемените трошоци за лекови, 56,6 отсто - трошоците за храна, 41,6 отсто – трошоците за транспорт и 39,8 отсто - трошоците за домување.

Трошоците поврзани со транспортот ги прават видливи јазот и разликите меѓу лицата со попреченост и останатите граѓани, но и меѓу самите лица со попреченост. Непристапноста на транспортот дополнително ги зголемила трошоците за индивидуален транспорт (на пример, такси). Дотолку повеќе, организиран јавен превоз има само во поголемите градови, што значи дека изминатиов период беше особено ограничувачки за движењето на лицата со попреченост од руралните средини. Најголем дел од испитаниците што се соочиле со зголемени трошоци околу превозот, или 28,3 отсто, го посочуваат укинувањето на организираниот превоз до дневните центри како главен проблем. 18,5 отсто изјавиле дека се соочиле со тешкотии при користењето на и онака редуцираниот јавен превоз, заради ризикот од вирусот и неможноста соодветно да ги почитуваат заштитните мерки.[10]

[10] Во оваа насока, испитаниците ни посочија проблеми при користење заштитна маска, заматлување на очилата, проблеми со дишењето, неможност за читање од уста, како и проблеми кои настануваат при објаснување на потребата за носење маска на некои од лицата со попреченост.

Дополнително, сведоштвата на интервјуираните чинители говорат за голем број лица со попреченост коишто не ги исполнувале условите за парична поддршка, и покрај тоа што поради кризата останале без (или со намалени) приходи, или пак, ја изгубиле работата. Во оваа насока, особено е битно да се посочи дека државата постапила спротивно на обврските предвидени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и начелата за кои се има обврзано да ги почитува. Во услови на една од најголемите здравствени и економски кризи, државата не посвети внимание на негативните влијанија на сиромаштијата врз лицата со попреченост.[11]

## *Заклучоци и препораки*

Неможноста за користење на услугите на дневните центри беше еден од клучните проблеми за лицата со попреченост што произлезе од анализата на прибраните податоци. Иако дневните центри беа отворени во меѓувреме, нивната работа беше со ограничен капацитет, а ограничен беше и организираниот превоз до и од дневните центри. Оттука, неизбежно произлезе препораката за враќање во функција на целосните капацитети на дневните центри со донесување соодветни протоколи за нивна работа. Притоа, потребно е непречено организирање на редовниот превоз за корисниците, што за многумина се покажа дека е исклучително значајно во време на пандемија и придонесува во напорите за контролирање на ризикот од сиромаштија.

Непрофесионалноста кај некои од стручните лица вработени во центрите за социјална работа и неорганизираноста на администрацијата за обезбедување услуги од социјална заштита, се главен фактор за ограничување на уживањето на правата на лицата со попреченост на еднаква основа со другите. Затоа, од особено значење е почитување на етичките кодекси за работење и одржување високо ниво на професионалност при комуникацијата со лицата со попреченост соодветно на нивните специфични потреби и околности. Сето ова би придонело лицата со попреченост да не се чувствуваат обесхрабрени при користењето на услугите што им се достапни.

Самиот карактер на пандемијата значително го отежна прибирањето и обновувањето на документи за докажување на попреченоста, што во одредени случаи доведе до губење на правата од социјална заштита. Во оваа насока потребно е носење и/или соодветно спроведување на протоколите што ќе ги надминат проблемите со прибирање и обновување на документите за остварување права од социјалната заштита. Поедноставувањето на процедурите, како и воведувањето можност за електронско обновување и поднесување на целосната документација, значително би го олеснило користењето на правото на надоместокот заради попреченост.

Дополнително, надминувањето на предизвиците кои доведуваат до зголемување на социјалниот ризик и сиромаштија кај лицата со попреченост е можно само преку развивање на сервисите за поддршка што тие ги користат. Ова особено ќе се

[11] Конвенција за правата на лицата со попреченост. Преамбула, параграф п.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РСМ | 7 април 2020 | Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за вработување инвалидни лица за време на вонредна состојба | „Службен весник на РСМ“ бр. 94 од 7.4.2020 година |

одрази позитивно на лицата со попреченост што живеат сами или со повозрасни лица кои се грижат за нив, а кои се соочија со недостаток на соодветна поддршка во домот.

## Пазар на труд

### *Уредби од областа на пазарот на труд*

Имајќи ја предвид комплексноста и обемноста на оваа област, беа донесени 16 уредби со законска сила што регулираа различни аспекти на пазарот на трудот. На овој начин беа уредени работните односи и работничките права, државната финансиска помош и поддршка за лицата во социјален ризик и државната финансиска помош за погодените фирми со цел субвенционирање на платите и придонесите од задолжително социјално осигурување. Прашањата што беа предмет на регулирање со уредбите директно или индиректно (преку лицата кои се грижат за нив) ги засегаат лицата со попреченост. Сепак, тие беа изоставени од субвенционирањето на плати и придонеси, а не беа опфатени ни со финансиската поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање домашна платежна картичка.

Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за вработување инвалидни лица за време на вонредна состојба,[12] во која изречно се спомнуваат лицата со попреченост, ги определуваше и ги продолжи роковите за остварување на правата и обврските согласно Законот за вработување инвалидни лица, за времетраењето на вонредната состојба. Накратко, оваа уредба предвидуваше дека роковите престануваат да течат за времетраењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на времето за кое е прогласена вонредната состојба, но само за онолку дена колку што преостанале (член 2).

### *Анализа на податоците прибрани од терен*

Пандемијата, а особено несоодветните мерки за справување со кризата, наметнаа и бројни економски предизвици со значајни негативни ефекти на пазарот на трудот. Оттука, големиот број отпуштања работници, намалувањето и неисплаќањето на нивните плати, оставањето на работниците без здравствено осигурување за време на најголемата здравствена криза последниве години се само дел од проблемите што на пандемијата ѝ даваат карактер на работничка криза (Петковска, 2020). Само во периодот од март до јуни, 799 работници што останале без работа тоа го пријавиле во Хелсиншкиот комитет за човекови права

[12] Влада на РСМ. „Службен весник на РСМ“ бр. 94 од 7.4.2020 година.

(ibid), додека Агенцијата за вработување има регистрирано 43.086 лица што останале без работа по започнувањето на кризата во март 2020 година (АВРМ, 2021).[13]

Последните официјални податоци за лицата со попреченост и нивното учество на пазарот на трудот што ги евидентира Државниот завод за статистика, се од 2017 година. Имено, за оваа година работоспособното население броело 1.679.935 лица, од кои 56,8 отсто се активни и пријавени на пазарот на трудот, а 43 отсто се неактивни или надвор од пазарот на трудот. Од вкупно 725.723 неактивни на пазарот на трудот, 59.701 се лица со некаков вид попреченост. Од друга страна, 31.781 лице не можат да учествуваат на пазарот на трудот и покрај тоа што се работоспособни, поради тоа што се соочуваат со недостаток на сервиси за поддршка во домот. Ова значи дека тие се принудени да останат дома и да се грижат за своите роднини или блиски лица со попреченост (ДЗС, 2017).

Повеќе од половина од испитаните лица со попреченост и лица што се грижат за нив се вработени, односно 57,5 отсто, 32 отсто се невработени, додека само мал дел се корисници на пензија (7,3 отсто). Лицата со попреченост во голема мера беа опфатени со мерките за ослободување од работа како работници со хронични здравствени состојби. Значаен дел од лицата со попреченост останаа без економски надоместоци токму поради мерките за неодење на работа, па во отсуство на соодветна финансиска поддршка беа непосредно изложени на сиромаштија и без никаква социјална сигурност (ЦИКП, 2020). Една третина или 29,4 отсто од испитаниците се соочиле со тешкотии на работното место за време на пандемијата, од кои речиси половина (48,4 отсто) биле поврзани со отсуствување од работното место поради заштита од вирусот и поради грижата за друго лице во домот.

Сепак, лицата со попреченост и лицата што се грижат за нив не беа отпорни на бранот отпуштања и губење на работните места кој ги зафати работниците. Имено, едно од интервјуираните здруженија регистрирало неколку случаи каде што лицата со попреченост добиле отказ поради намален обем на работа кај работодавачите. Друг чинител пак, проблемот го лоцира во тоа што намалениот обем на работа и замената на дел од производствените активности доведува до ликвидација на заштитните друштва, каде што најчесто се вработени лицата со попреченост. Во оваа насока и Заедницата на заштитни друштва на Македонија очекува голем број заштитни друштва да бидат ликвидирани за време на пандемијата, што де факто би ги оставило без работа лицата со попреченост. Лицата со попреченост во руралните средини се соочија и со потенцијален недостаток на работна ангажираност. Имено, лицата

[13] Агенцијата за вработување дури во јуни почна да води разделена статистика за прилив на лица што се стекнале со статус на невработени лица, за кои одјавата од задолжително социјално осигурување е регистрирана во периодот по 11.3.2020 година. Овде е претставен вкупниот број невработени лица, почнувајќи од март 2021 година. Бројот на невработени лица за март, април и мај, за кои АВРМ не водела разделена статистика во однос на кризата, изнесува 21 838 лица.

што се времено ангажирани како сезонски работници стравуваат дека ќе немаат доволно работа поради намаленото производство и извозот на производите надвор од државата.

### *Заклучоци и препораки*

Долго пред пандемијата лицата со попреченост се соочуваа со ограничен влез на пазарот на трудот, но кризата значително го зголеми и продлабочи овој ризик, вклучително и ризикот од губење на работното место. Структуралните недостатоци сè уште се забележуваат на пазарот на трудот, што оневозможуваат потенцијален раст и развој. Ова го забележува и Европската комисија и нагласува дека жените, младите, лицата со попреченост и нискоквалификуваните лица во нашата држава се најизложени на невработеност (Европска комисија, 2021).

Најголем дел од испитаниците се соочиле со тешкотии при работењето што произлегуваат од отсуство од работа поради грижа за лице со попреченост во домот, а загрижувачка е состојбата и со лицата со попреченост во руралните средини, кои се оставени без никаква поддршка за целото времетраење на пандемијата. Оттука, една од препораките кои произлегоа во оваа насока повторно се однесува на потребата од враќање во функција на целосните капацитети на дневните центри, вклучувајќи го и организираниот транспорт на корисниците, како и предвидување на соодветни протоколи за функционирање на градинките и целодневниот престој во услови на повторни рестрикции, со цел да се намали ризикот од губење на работните места на лицата кои се грижат за лица со попреченост. Воедно, она што е потребно е во процесот на креирањето на нови мерки да се размислува во насока на ублажување на последиците што допрва нè очекуваат, имајќи предвид дека пандемијата е сè уште присутна и последиците од пандемијата ќе ги чувствуваме и во наредниот период.

## РЕФЕРЕНЦИ:

Агенција за вработување на Република Северна Македонија. (2021). Преглед на податоци за прилив и одлив на невработени лица. Достапно на: https://av.gov.mk/pregled-na-podatoci-za-priliv-i-odliv-na-nevraboteni-lica.nspx

Државен завод за статистика. (2017). Анкета за работната сила, 2017, Статистички преглед 2.4.18.03. Достапна на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.03.pdf

Државен завод за статистика. (2021). Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2019, Статистички преглед 2.4.21.01/914. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2021/2.4.21.01%20914.pdf?fbclid=IwAR07zOYdhh27lZE7QL39tVMyaZDlDETgxl3A7b8ES7_evaDHeYrjJxu93b4

Јадровски, И., Чаловска-Димовска, Н. и Јовановска Кануркова, Ј. (2018) Извештај за обезбедена правна помош. Скопје: Хелсиншки комитет човекови права. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/IZVESTAJ_ZA_PRAVNA_POMOS.pdf

Јовановска, Б. (2020). Правно зајакнување во заедницата во процесот на деинституционализација: извештај. Скопје: Хелсиншки комитет човекови права. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/finalen-izveshta%D1%98-uniczef-mk.pdf

Кочоска, Е., Шаврески, З., Јованова, В. и Лазовски, В. (2017). Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија. Скопје: Хелсиншки комитет човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/

Кочоска, Е. и Климоска, Ј. (2018). *"Terra Incognita" - демистификација на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на социјална заштита.* Скопје: Полио Плус. Достапно на http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/terra-incognita-mk.pdf

Министерство за труд и социјална политика. (2018). Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018 – 2027 „Тимјаник". Достапно на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategii%202018/Strategija_deinstitucionalizacija_Timjanik_2018-2027.pdf

Петковска, Н. (2020). Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права.

Хелсиншки комитет за човекови права. (2018). Инфографик за физичка попреченост. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/INFOGRAFIK_fizicka_poprecenost_04-01__3_.pdf.

Центар за истражување и креирање политики (2020). КОВИД-*19 и родот (второ издание)*. Достапно на: http://www.crpm.org.mk/wp-content/

Committee on the Rights of Persons with Disabilities. (2018). *Concluding observations on the initial report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*.

Europan Commission. (2021) *North Macedonia 2021 Report.* Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en

United Nations. (2020). *COVID-19 and Human Rights - We are all in this together.* Достапно на: https://www.un.org/development/desa/disabilities/wp-content/uploads/sites/15/2020/04/un_policy_brief_on_human_rights_and_covid_23_april_2020.pdf

World Health Organization. (2020). *Disability considerations during the COVID-19 outbreak.* Достапно на: https://www.who.int/publications-detail/disability-considerations-during-the-covid-19-outbreak

УДК: 364.694-787.4:[616.98:578.834}-036.31(497.7)
DOI: https://doi.org/10.37509/socpol2117169j

Bojana Jovanovska, Natasha Petkovska
Helsinki Committee for Human Rights, Skopje

# THE COVID-19 PANDEMIC THROUGH THE PRISM OF THE RIGHTS OF PEOPLE WITH DISABILITIES AND THE OBLIGATIONS OF THE COUNTRY IN THE FIELD OF SOCIAL PROTECTION AND LABOUR MARKET

## Abstract

The crisis caused by the coronavirus pandemic managed to intensify and in a very short time it brought to the surface the problems the marginalized citizens faced with in the society, which include people with disabilities, as well as their caregivers. Taking into consideration the continuing marginalization of people with disabilities in North Macedonia, with the support of the Westminster Foundation for Democracy, the authors of this paper conducted a brief survey on the Impact of the Covid-19 Crisis on People with Disabilities in North Macedonia[1], published in May, 2021. The survey covered a period of one year, i.e., from the beginning of the pandemic with the declaration of the state of emergency. This paper is based on the conducted survey, and the aim is to present the situation that people with disabilities and their caregivers experienced as a result of the measures and policies that were adopted during the pandemic, and resulting from the pandemic itself, with a special focus on the situation in the field of social protection and the labour market. The challenges faced by people with disabilities that existed long before the pandemic, such as increasingly present stereotypes and prejudices, inaccessible infrastructure, discriminatory practices in the education system and the labour market, but also non-accountable institutions, were significantly emphasized as a result of the inadequate coping with the pandemic caused by Covid-19. This only confirmed the unfavourable position of people with disabilities, but also of their caregivers, in terms of opportunities to ensure a quality life. The challenges faced by people with disabilities in terms of access to social protection and their inclusion in the labour market were particularly difficult, considering that the restrictive measures for prevention and protection from Covid-19 were not in line with the needs, i.e., the possibilities of people with disabilities.

1 The survey is available at: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/vlijanieto-na-kovid-19-krizata-vrz-licata-so-poprechenost-vo-severna-makedonija/.

